ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-7554/13
Дата, Data 07-10-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи – пречистен текст („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.167/2015 и 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по објавениот Јавен оглас од 25.09.2020 година за засновање работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А03011 ПК Работник во Одделение за хортикултура во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, директорот на претпријатието донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 25.09.2020 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место ПК работник КДР0401А03011 во Одделение за хортикултура во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, се избира кандидатот Имери Штрајку.

Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје и Записникот арх.бр.0302-7554/10 од 02.10.2020 година од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати, а врз основа на приложената документација со Образецот за пријава на јавен оглас арх.бр.0401-7554/5 од 28.09.2020 година доставена од кандидатот од која е утврдено дека во целост ги исполнува бараните услови.

Член 3

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 16.10.2020 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

Член 4

Одлуката за избор да се достави кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

Член 5

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука арх.бр.0401-7554/1 од 24.09.2020 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје распишан е Јавен оглас бр.03/2020 за прием на помошно - технички лица на неопределено време за

работно место КДР0401А03011 ПК-работник, 1 (еден) извршител во Одделение за хортикултура во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети.

Јавниот оглас бр.03/2020 беше објавен на ден 25.09.2020 година во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.03/2020 за вработување на помошно - технички лица на неопределено време на ден 02.10.2020 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека сите апликации се уредни. За извршената административна слекција изготвен е Записник со арх.бр.0302-7554/10 од 02.10.2020 година.

Со балансерот кој е составен дел на Годишниот план за вработување за 2020 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, за ова работно место предвидено е кандидатот да е по припадност на заедницата Македонец.

Со оглед дека на јавниот оглас аплицирал само 1 (еден) кандидат кој по пропадност на заедницата е Македонец, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор Човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARRJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP